# KNAUF STORY

Број 12, септември 2014



Јубилеј:

КНАУФ МАКЕДОНИЈА

**20 ГОДИНИ**

**УСПЕШНА ПРИКАЗНА**

20 ГОДИНИ JAHRE VJET

ВЗАЕМНО ИЗГРАДЕНА ДОВЕРБА

KNAUF

# Противпожарно. Сигурно. Кнауф.




**ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР**
СПЕЦИЈАЛНА ГИПСЕНА ПЛОЧА СО НАЈВИСОКА КЛАСА НА ОГНООТПОРНОСТ А1

**Заштита на конструкцијата до 180 минути!**

ПРИМЕНА:

- Противпожарни тавани
- Облога на челични столбови и греди
- Облога на вентилациски канали
- Облога на кабелски канали

KNAUF




Почитувани,

Се радувам што главна тема на ова издание на Кнауф Стори е едно за нас убаво одбележување – 20 години постоење на Кнауф во Македонија.
Од 6 јуни 1994 г. кога почна Кнауф да се организира и да се екипира за работа во Македонија, па до денес, тимот на Кнауф помина илјадници, можеби милиони километри и часови за да донесе еден нов светски тренд во градежништвото во Македонија. Гледајќи ја малата интересна статистика за сè она што сме го произвеле во текот на сите овие години, не можам а да не се чувствувам прво горд на сè што имаме постигнато, а во исто време да си потврдам дека со посветеност и љубов во работата и во Македонија можат да се прават успешни приказни како оваа на Кнауф.

Кнауф тука не престанува. Од првичните производи, гипсените плочи, кои во Македонија се произвoдот по кој сите нè препознаваат, со годините гамата на производи, кои од Дебар се продаваат во цела Југоисточна Европа, се прошири на малтери, системи за подови итн.
Нашите планови се и понатаму да инвестираме во развој на нови производи, кои со поддршка од нашиот истражувачки центар во централата во Германија, ќе бидат перјаница на новите модерни градежни материјали во Македонија.
И понатаму ќе Ви нудиме само најквалитетни атестирани материјали, од најздрави суровини, секогаш во чекор со најсовремените светски трендови. Освен тоа, и понатаму ќе бидеме секогаш отворени кон Вас и Вашите потреби, со простории и вработени во Дебар и во Скопје кои се Вашите партнери во решавање на сите градежни предизвици.
На сите вработени на Кнауф, како и на нашите соработници, поддржувачи и пријатели, сакам во оваа пригода да им ја искажам мојата длабока благодарност за успешно изодениот пат.

**Да славиме уште многу јубилеи и работни победи.**

**Срдечно Ваш,**
**Тодор Деловски,**
**регионален директор на Кнауф**

4 Тема:
20 ГОДИНИ, УСПЕШНА ПРИКАЗНА

10 Кнауф Партнер:
ХАСКИ КОМПАНИ-СКОПЈЕ

12 Референтни објекти:
ЛУНА корпорација

14 Кнауф Вработен:
Александар Николовски - РАБОТАТА КАКО СПОРТСКИ ПРЕДИЗВИК

16 Референтен објект:
ДИСТРИБУТИВЕН ЦЕНТАР ЕКСПАНАДА

18 КНАУФ Системи за глетување:
ПОСЛЕДНИОТ (СЛОЈ) НАЈСЛАТКО СЕ СМЕЕ

20 Разговор со г-ѓа Мира Георгиевска д.и.а.:
ОБЈЕКТИТЕ СЕ НАШ НАЈГОЛЕМ МАРКЕТИНГ

Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.
Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.
Членови на Редакцијата: Роберт Смилески, Блажен Зотовски, Велимир Петровски, Тодор Деловски.
Фотографии: Роберт Смилески, КНАУФ фото-датотека.
Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 2.000 примероци
www.knauf.com.mk

20 ГОДИНИ JAHRE VJET НАГРАДИ
за 20 години KNAUF
Кликни "Ми се допаѓа" на
facebook.com/KnaufMacedonia
и учествувај во наградната игра.

youtube.com/KnaufMacedonia
twitter.com/KnaufMacedonia



Во Македонија, фирмата Кнауф е регистрирана во јуни 1994 година, а во 1997 година ги откупува акциите во фабриката Радика во Дебар и започнува со изградба на нова модерна фабрика.

Денес Кнауф се смета за водечки производител на материјали и системи за градба во Европа и пошироко. Кнауф се продава и се произведува на 5 континенти и во повеќе од 60 земји во светот со околу 150 свои фабрики.

Фирмата Кнауф е основана во 1932 година, од страна на браќата д-р. Алфонс и Карл Кнауф. Двајцата, во тоа време штотуку завршени рударски инженери, биле претприемачки настроени и подготвени на ризици.

# 20 ГОДИНИ

**24.000**

Повеќе од 24.000 вработени во светот!

**160**

160 вработени во Кнауф во Македонија.

**15.000.000m²**

Капацитет на фабриката во Дебар: 15 милиони m² гипсени плочи годишно.

KNAUF




Ако сите гипсени плочи кои се произведени во Кнауф Радика Дебар се наредат една до друга од подолгата страна, би имале доволно плочи да ја заобиколиме планетата Земја 3 (три) пати, околу најголемиот обем, кај Екваторот.



Ако се натовари сè што е произведено во фабриката Кнауф Радика Дебар, од 1998 година, кога е инсталирана новата модерна технолошка линија, на камиони какви што се товарат во фабриката, и истите се паркираат еден пред друг, колоната би била долга од Дебар до Минхен.

# УСПЕШНА ПРИКАЗНА

Ако се поврзат еден до друг сите профили кои се произведени во Кнауф Радика Дебар од 2001г., тогаш би имале доволно долга линија на Кнауф-профили за да се обиколи планетата Земја околу Екваторот цели 25 пати!





Ако целото производство на прашкасти материјали (малтери, глет-маси и други наменски гипсови) произведени во Дебар се нанесе во дебелина од 1cm врз земјата, би покрило територија од цела Албанија, Косово и Македонија заедно. И, речиси би се покрила територијата на Македонија трипати!

# БРЕНДОВИТЕ НА КНАУФ

Синергијата на силните компании во сопственост на Кнауф го направи брендот лидер на пазарот на градежни материјали во Европа и во светот. Кој и да дизајнира некаква архитектура, реновира, или пак применува високософистицирани наменски производи за разни специфични потреби, речиси е невозможно да не сретне некој од брендовите на Кнауф.

KNAUF INSULATION

AMF

MARMORIT

SAKRET

VP VERMIPLASTER

AQUAPANEL

PFT

RICHTER SYSTEM

**Повеќе од 50 години супериорен бренд во Германија: Ротбанд**

## ЖИВОТОТ ОСТАВА ТРАГИ, ДОБРО Е ШТО ИМА РОТБАНД




Малите градежни зафати во домот немаат време за чекање на договори, преговори и потрага по мајстори за кои непотребно би се потрошиле финансиски средства. Кога ќе се појави проблем, потребно е да се дејствува сега и веднаш, за да се подобри функционалноста и удобноста во животното катче. Денес секој, доколку е желен, може да си ги испроба градителските способности и сам и по сопствена мерка да си ја уреди просторијата. Квалитетните и супериорни градежни материјали се присутни за да им ја олеснат работата на оние кои немаат професионално градителско искуство, но и да им бидат сигурен и верен придружник при развојот на посакуваната кариера на градежниците. Knauf Rotband е производ – првенец помеѓу градежните материјали при изведба, надградба или реконструкција на секој внатрешен простор.

Граѓаните од цела Европа го именуваат сосема едноставно – „Семоќен". Во Германија овој производ претставува најпопуларен бренд на компанијата Кнауф помеѓу обичните граѓани, достапен во секое продажно место за градежни материјали. Константниот раст на продажбата и довербата во високиот квалитет овозможи Knauf Rotband да се искачи на самиот врв на препознатливи брендови во областа на градежништвото на пребирливиот европски пазар. Магијата на Knauf Rotband е во неговата едноставна употреба и одличните својства што ги поседува, со што тој може да се ползува не само од искусните градители, туку и од неимарите – почетници, кои сакаат самите да се справат со помалите градежни зафати.

# **КНАУФ ИНОВАЦИИТЕ** – СВЕТЛА И ВОЗБУДЛИВА ИДНИНА ВО ГРАДЕЊЕТО

Кнауф е една од ретките фирми која и покрај својата големина сè уште негува компаниска политика типична за помали фамилијарни претпријатија. Токму во тоа лежи и феноменалниот успех на фирмата. Кратките и директни патишта за носење на стратешки одлуки, храброста да се допрат некои сосема смели нови идеи, иновации, инвестиции и богатството на идеи од сите вработени на Кнауф во целиот свет е нешто што е одлика на Кнауф, со што сите вработени се гордеат. Еве некои од смелите градежни решенија од понов датум:

## **KNAUF DAYLIGHT** – LED THE SUN SHINE

www.knauf-daylight.com



Knauf Daylight (Кнауф Дејлајт) е ревизиски отвор, систем на вградувачко ЛЕД светло, кој се состои од рамка, светлечки панел со бел поликарбонатен дифузер и уред за довод на струја како Multi-LED-Driver, кој вклучува и далечински управувач. Направен е да може многу лесно да се монтира. Лесно и „со клик“, како и Кнауф ревизиските отвори, се интегрира во висечки тавани или преградни ѕидови од од гипсените плочи на Кнауф. Идеално е за простории каде што се бара оптимално осветлување во смисла на интензитет и еднаква дистрибуција на светлоста во просторијата (канцеларии, јавни простории, шопинг-центри, ресторани, производствени погони итн.)

## **KNAUF CLEANEO-AKUSTIK** – НЕДОСТИГ НА ЧИСТ ВОЗДУХ?

Проверете колку ЧИСТО ЗВУЧИ тоа
www.youtube.com/user/KnaufMacedonia



Knauf Cleaneo-Akustik, (Кнауф Клинео Акустик) е уникатно решение за акустичен ѕид и таван со вградено решение за пречистување на воздухот на база на зеолит. Ги намалува мирисите во просториите. Исто така го намалува емитувањето на загадувачите од воздух (VOC) и со тоа го подобрува квалитетот на воздухот внатре. Последен но не и занемарлив факт – ваквите тавани изгледаат многу необично и уникатно – омилени се кај многу архитекти во светот. Шарата на дупчињата на Клинео-плочата може да биде и по лична нарачка, со различни дизајни.



# ГИПСОТ – ГЕНИЈАЛЕН ИЗУМ НА ПРИРОДАТА

Природниот гипс се формирал пред 100 до 200 милиони години со испарувањето на големите мориња. Хемиски е дефиниран како калциум сулфат дихидрат со хемиска формула $CaSO_4 \times 2H_2O$.

Уште во 7 век п.н.е. гипсот бил користен како градежен материјал. При градењето на кулата во Ерихон тој одиграл важна улога, а исто така и во египетските пирамиди. Својата позиција во градежништвото гипсот низ вековите ја одржа до денешни времиња. Во форма на висококвалитетни внатрешни малтери, гипсени плочи или системи за подови, гипсот во објектите обезбедува одлични градежно-биолошки својства и значително придонесува за пријатна станбена, односно работна атмосфера. Знаејќи дека човекот поминува 90% од животот во затворена просторија, јасно е зошто луѓето го прифатија гипсот во своите објекти.

Поради отсуство на токсичност, радиоактивност, мириси и други штетни испарувања, како и поради РН-вредноста слична на човековата кожа, Кнауф-производите на база на гипс се оценети и сертифицирани од домашни и од странски акредитирани институции како ЗДРАВСТВЕНО И ЕКОЛОШКИ БЕСПРЕКОРНИ ПРОИЗВОДИ.

Да се произведува повеќе од 80 години на пазарот на градежни материјали е секако нешто со кое ние се гордееме, но освен традицијата, сепак, убаво е кога за квалитетот на нашите производи, за нивната еколошка беспрекорност и заштитата на работниците кои ги произведуваат, потврдуваат и меѓународни независни сертификациски куќи. Ова се некои наши сертификати како доказ за нашиот постојан квалитет и за системи за градба според националните и меѓународните стандарди.


qualityaustria
Erfolg mit Qualität

ZERTIFIKAT

Die Quality Austria Trainings-, Zertifizierungs- und Begutachtungs GmbH stellt folgender Organisation ein qualityaustria-Zertifikat aus:

"KNAUF Radika" AD
"8 Septemvri" bb, 1250 Debar, Macedonia

Dieses qualityaustria-Zertifikat bestätigt die Anwendung und Weiterentwicklung eines wirksamen

UMWELTMANAGEMENT-SYSTEMS
entsprechend den Forderungen der
ISO 14001:2004

Produktion von Gips, Gipskartonplatten und Putzen

Registrier-Nummer: 02192/1
Erstausstellung: 12. August 2013
Gültig bis: 11. August 2016

Wien, am 12. August 2013

INTERNET COPY

qualityaustria
Erfolg mit Qualität

ZERTIFIKAT

Die Quality Austria Trainings-, Zertifizierungs- und Begutachtungs GmbH stellt folgender Organisation ein qualityaustria Zertifikat aus:

"KNAUF Radika" AD
"8 Septemvri" bb, 1250 Debar, Macedonia

Dieses qualityaustria-Zertifikat bestätigt die Anwendung und Weiterentwicklung eines wirksamen

SICHERHEITS- UND GESUNDHEITS-MANAGEMENT-SYSTEMS
entsprechend den Forderungen der
BS OHSAS 18001:2007

Produktion von Gips, Gipskartonplatten und Putzen

Registrier-Nummer: 01037/0
Erstausstellung: 12. August 2013
Gültig bis: 11. August 2016

Die Gültigkeit dieses qualityaustria Zertifikates wird durch jährliche Überwachungsaudits und dreijährige Verlängerungsaudits aufrechterhalten.

Wien, am 12. August 2013

Quality Austria Trainings-, Zertifizierungs- und Begutachtungs GmbH, A-1010 Wien, Zelinkagasse 10/3

Unterschriften aus Sicherheitsgründen entfernt

Konrad Scheiber
Eckehard Bauer, MSc

INTERNET COPY









Кнауф - поддршка на младите талентирани спортисти





Кнауф - поддршка на идните монтери за сува градба
Knauf Junior Trophy 2013, Скопје


IQNet
THE INTERNATIONAL CERTIFICATION NETWORK
CERTIFICATE
"KNAUF Radika" AD
"8 Septemvri" bb, 1250 Debar, Macedonia
ENVIRONMENTAL MANAGEMENT SYSTEM
ISO 14001:2004
Issued on: 2013-08-12
Validity date: 2016-08-11
Quality Austria certified since: 2013-08-12
Registration Number: AT-02192/1
Signatures removed for security reasons


IQNet
THE INTERNATIONAL CERTIFICATION NETWORK
CERTIFICATE
"KNAUF Radika" AD
"8 Septemvri" bb, 1250 Debar, Macedonia
OCCUPATIONAL HEALTH AND SAFETY MANAGEMENT SYSTEM
BS OHSAS 18001:2007
Issued on: 2013-08-12
Validity date: 2016-08-11
Quality Austria certified since: 2013-08-12
Registration Number: AT-01037/0
Signatures removed for security reasons



# KNAUF ПАРТНЕР ХАСКИ КОМПАНИ Скопје

## Разговор со г. Ѓокица Ивановски



РАЗГОВАРАМЕ СО Г. ЃОКИЦА ИВАНОВСКИ, ДИРЕКТОР НА ХАСКИ КОМПАНИ, РАНО НАУТРО, ВО ЕДЕН ВРНЕЖЛИВ МАЈСКИ ДЕН, ВО НЕГОВАТА КАНЦЕЛАРИЈА. РАНО БИДЕЈЌИ ЌЕ ОДИ НА ТЕРЕН, НА ПАТ НИЗ НЕКОЛКУ ГРАДОВИ НИЗ МАКЕДОНИЈА. ВРЕМЕТО НАДВОР НЕ ГО СПРЕЧУВА. РАБОТАТА НЕ СМЕЕ ДА СОПРЕ. НЕГОВАТА ФИРМА Е ПАРТНЕР НА КНАУФ ОД РЕЛАТИВНО ПОНОВ ДАТУМ ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ ПАРТНЕРСКИ ФИРМИ НА КНАУФ, НО ЗАТОА ЕНЕРГИЈАТА И ЖЕЛБАТА ДА СЕ СРАБОТИ ОНА ШТО ДРУГИ (МОЖЕБИ) НЕ ГО СРАБОТИЛЕ ПРЕД НИВ Е ГОЛЕМА.

### ОД КАДЕ ЗАПОЧНА КНАУФ ПРИКАЗНАТА?

Почетоците на Хаски Компани се всушност неразделно поврзани со мојот пријател Јован Радуловиќ од Србија, сопственик на фирмата Јотер – една од поголемите партнер-фирми на Кнауф во Србија. Радуловиќ ми е пријател од деновите на ЈНА, од 1981 г. и веќе се дружиме фамилијарно. При една од неговите посети во седиштето на Кнауф во Скопје, се сретнавме и неговата идеја и јас да се приклучам во работата со трговија на Кнауф-системите за градење ја прифатив и еве сме сега тука каде што сме еден од партнерите на Кнауф во Македонија.

### ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО

Претходно 15 години имав искуство со продажба на градежни материјали, иако од малку поинаква природа – имено имав фирма која се занимава со продажба на производи од Тегола Канадазе. Контакти со други фирми за продажба на градежни материјали, како и со архитектонски бироа и сл., за почеток имав доволно. Почнавме со 3 вработени и ние ги поминавме не само обуките за Кнауф-системите од вработените на Кнауф, туку и обуката на фирмата Јотер, кои имаа да споделат со нас драгоцено искуство според кое ние и денес работиме.

### КОНКУРЕНЦИЈА

На почетоците знаевме дека на пазарот веќе има солидни и проверени фирми кои продаваат Кнауф-системи за градба, но во исто време видовме можност да почнеме поактивно со Кнауф-малтерите, кои имаат огромен потенцијал за продажба, поради нивниот врвен квалитет, а тука имаше уште многу можности за продажба, па ние на почетокот ставивме акцент на нив, а не на системите за сува градба кои се кај нас во Македонија поим за Кнауф. И имавме одлични резултати и голема продажба уште во првата година! Денес веќе подеднакво продаваме од сите Кнауф-системи и брендови, како Кнауф Инсулејшн, ПФТ, Марморит итн.

### СТРАТЕГИЈА ЗА УСПЕХ

Во претходниот бизнис работев со целна група кровополагачи и архитекти и нештата што ги научив од тоа искуство ги применувам и денес – секогаш има незадоволни или купувачи кои на пазарот бараат нешто повеќе – подобра услуга, достава, подобри услови... Тука ја видов и нашата шанса. Секако, тоа подразбира добро да се опипа

*Hr. Gjokica Ivanovski ist der Geschäftsführer des Unternehmens Haski, ein Knauf Partner seit mehreren Jahren. Vielleicht hat sich dieses Unternehmen unserer Familie später angeschlossen, aber ihr Wunsch eine neue Energie zu bringen ist riesig. Hr. Ivanovski hat uns die Geschichte von seinen Anfängen im Verkauf mitgeteilt, die Gestaltung der Unternehmensstrategie und seine zukünftigen Pläne für das Unternehmen.*

*Mr. Gjokica Ivanovski is the director of the company Haski, a Knauf partner for several years now. Maybe this company joined our family later but their wish to bring some new energy on the market is huge. Mr. Ivanovski shared the story of his beginnings in the sales, the building of the company's strategy and his future plans of the company.*

пулсот на пазарот. Отприлика тоа е методот што му донесе успех на мојот партнер со повеќе искуство во Кнауф – Јотер во Србија.
Значи присуство на пазарот, но не само преку комерцијалисти – туку и лично. Сакам да слушам за потребите и проблемите на нашите сегашни и потенцијални идни купувачи и излегувајќи им во пресрет, ја стекнувам нивната доверба. Втора и, исто така, не помалку важна определба е доставата на материјалите до самото градилиште. Ги навикнавме нашите клиенти на тоа, па од некогашните чекања на нарачаните материјали со денови, денес и пола час доцнење им изгледа многу па веднаш ни се јавуваат со реакција.

**ПЛАНОВИ ЗА ИДНИНА**

Ширење на бизнисот секако.
Се надевам ќе дојдат подобри времиња кога Македонија би била поинтегрирана во регионот, со отворање на граници за повеќе трговија, која би се одвивала поедноставно. Секако, би сакале и ние да изградиме некој поголем и порепрезентативен продажен центар, и со оптимизам мислам дека може да се исполнат сите мои визии.

**ПРОФЕСИЈА ОД СОНИШТАТА: „АВАНТУРИСТ“**

Од моето потесно семејство ми кажувале дека кога сум бил многу мал, кога ќе ме прашале што сакам да бидам кога ќе пораснам, сум велел „авантурист“. Од сето тоа, кај мене денес е сепак останата желбата за патување и откривање на нови места. Најмногу сакам да патувам со автомобил – бидејќи тоа секогаш ми давало слобода да застанам каде што сакам и да посматрам и да се восхитувам на некој пејзаж. Често сум одел за Италија, но ја сакам и Шпанија, а посебно би ја одвоил Севилја. Сум ги посетил повеќето од поголемите европски метрополи, за мене било отсекогаш најважно градот да има посебна атмосфера за да ми се допадне. Таква беше Севилја. Ги сакам местата и луѓето што имаат душа. Сакам така и да работам, бидејќи мислам дека тоа е квалитет што не се заменува со ништо.

**БЛАГОДАРНОСТ**

На крајот од овој разговор сакам уште еднаш да им се заблагодарам на фирмата Кнауф и на другите партнери на Кнауф што ме прифатија во големото семејство.







# ЛУНА
## корпорација




Објект Бонимиь

## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТНИТЕ ОБЈЕКТИ

**Изведувач:**
Монтажа дизајн

**КНАУФ партнер**:
Акустик

**КНАУФ применети системи**:
Преградни ѕидови W112
Тавани D112
Ѕидни облоги W623 и W625
Течна гипсена кошулка FE50
Ревизиски отвори








Објект Орце Николов




Објект Велько Влаховиќ




Објект Корнер




## АЛЕКСАНДАР НИКОЛОВСКИ

# РАБОТАТА КАКО СПОРТСКИ ПРЕДИЗВИК

**Александар Николовски е во нашата фирма веќе 8 години. По професија е дипломиран германист. По 12 години работа во директна продажба во големи интернационални компании, имал сон да работи за германска компанија, каде што ќе може да направи спој помеѓу германската култура, јазик и работа и неговото искуство во продажба. Еден ден тоа му се оствари и сега тој го живее својот сон. „Германските фирми си имаат свои специфики кои си ги носат насекаде каде што стопанисуваат, што го отсликува и нивниот менталитет – прецизност, организираност, иновативност. Често за време на студиите престојував во Германија и имав можност да се запознаам со темелните вредности на Германците и на нивните деловни пракси.**

*Hr. Aleksandar Nikolovski  ist seit 8 Jahren in unserem Unternehmen. Er hat immer davon geträumt in einem deutschen Unternehmen tätig zu sein, wegen seiner Ausbildung als auch wegen seiner Liebe für die deutsche Tradition, Kultur und Arbeitsethik. Er ist eine Persönlichkeit die Sport und Gewinnen mag und wendet selbige auch in seinem Verkauf an.*

*Mr. Aleksandar Nikolovski is in our company for 8 years. He always dreamed of working for a German company, because of his education as well as love for German tradition, culture and working ethics. He is a person who likes sport and winning and he applies the same in his sales.*

„Среќен сум што сум дел од една таква фирма, со таков систем на работа, но во Македонија!“ Првите обврски во Кнауф не ми беа врзани со продажбата на нашите најпознати системи, за кои Кнауф е синоним во Европа, туку почнав да работам на друга програма на Кнауф, која тогаш беше релативно нова во земјава и во регионов: градежна хемија. На почетокот ми беа потребни многу поминати километри за запознавање на реалната состојба на пазарот и анализа на истиот. На пазарот имаше веќе етаблирани производувачи на некои слични или исти производи. Се сретнував со многу купувачи и обични луѓе – потенцијални идни купувачи. Тоа беше за мене една нова целна

група на луѓе за кои се интересирав и учев. Генерално сите имаа доверба во брендот Кнауф, но имаа многу прашалници за програмата која ја работев.
По природа сум спортист и сакам да се натпреварувам, и да победувам. Периодот со истражувањето на пазарот ми беше како „висински подготовки“. Следуваа периоди на првите „победи“ на општо задоволство, на купувачите и мое. Иако прифаќањето според моите очекувања беше недоволно брзо, можноста на купувачите да ги пробаат производите ми даде ветер во градите – кога тие ќе ги пробаа после беше сѐ полесно – им се допаднаа и веќе денес можам да кажам дека за многу купувачи се толку прифатени, речиси стандардни. Градењето доверба оди бавно и макотрпно, но на крај би рекол, трудот се исплатеше.
Тука морам да спомнам дека помошта од колегите беше голема – функционираме како тим, како семејство и се надополнуваме кога треба. Тоа многу ми се допаѓа.
Од неодамна јас ги водам како своја програма и Кнауф-фасадите. И тука секојдневно наидувам на многу непрофесионално изведени фасади со дебелина на изолација која ништо не задоволува. Гледам голем потенцијал што ни претстои со нашите фасади. Имаме многу полиња за соработка со мајсторите за оваа област – многу обуки и техничка помош.
Пред нас треба да ги имаме насоките за енергетска ефикасност на Европската Унија мораме, пред сѐ за наше добро, да ги следиме тие насоки. Посебно поле на интерес ми се фасадите со системи за изолација со камена волна – ретки се на пазарот тие кои нудат таков добар систем, т.е. систем со додадена вредност во животот на оние кои ќе го вградат: подобра звучна изолација, подобрена противпожарност, трајност и воопшто супериорност во однос на други фасадни системи. Инвеститорите со визионерски пристап кон градењето веќе го препознаа тоа.

**ШТО ДА ОЧЕКУВАМЕ ВО БЛИСКА ИДНИНА ВО ОДНОС НА УПОТРЕБАТА НА КНАУФ ГРАДЕЖНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ?**

- „Многу скоро Кнауф ќе биде партнер на секој инвеститор во секоја позиција во градбата. Одамна Кнауф е познат на западот не само како производител на системи за сува градба. Ние нудиме комплетни решенија за секаков дом или канцеларија!“

**ШТО ВЕ ПРАВИ СРЕЌЕН И ИСПОЛНЕТ ВО ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ?**

-„Јас сакам да спортувам. Најмногу играм тенис и фудбал. Веќе во просториите на Кнауф имам донесено неколку трофеи од спортски натпревари организирани за фирми. Освен тоа, сакам и да патувам, претежно на море со семејството. Семеен човек сум со 2 деца и едвај чекам да заминам на одмор фамилијарно на мојата омилена дестинација: Далмација! Таа атмосфера таму дефинитивно ме разоружува и комплетно уживаме во безгрижниот живот покрај море. Седнат под сенка со поглед на море, со мезе кашкавал и пршута и со добро вино – тоа е мојот рецепт за полнење на батериите!“





# ДИСТРИБУТИВЕН ЦЕНТАР „ЕКСПАНДА“









## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТНИОТ ОБЈЕКТ

### ДИСТРИБУТИВЕН ЦЕНТАР „ЕКСПАНДА“

**Инвеститор**:
ЕКСПАНДА ДООЕЛ - Скопје

**Автор и проектант:**
Александра Стефановска во соработка со СНАП Дизајн, Нина Кузмановска, Елена Диновска, Кристина Николовска, Стефан Георгиевски, д.и.а. Невена Георгиевска, д.и.а. Александар Докузовски

**Изведувач:**
Алфа Арт

**КНАУФ партнер**:
Акустик

**Употребени материјали:**
Преградни ѕидови:
Системи W111, W112 и W115
Противпожарни тавани D111
Самонивелирачка кошулка FE 50
Кнауф лепила Extraflex
Ревизиски отвори











# ПОСЛЕДНИОТ (СЛОЈ) НАЈСЛАТКО СЕ СМЕЕ



Најчесто за глетувањето не се зборува многу и често се споменува само како последна фаза пред молерските работи. Фаза во која се поправаат фугите меѓу плочите или се пополнуваат малите дупчиња и пукнатини во бетонот. Но, и тука треба да се знае дека има различни производи со различни карактеристики – добриот избор значи решение на долг рок и задоволување на естетските критериуми на тој што живее или работи во тој простор. Кнауф може да се смета за куќа на убавите, здрави, издашни и квалитетни системи за завршните слоеви, кои на крајот можат да направат разлика во севкупната успешност на изведба или реновирање на просторот.

## КОЛКУ МАЗЕН ЅИД САКАМ / МИ ТРЕБА?

Според барањата и желбите кои глет-масата треба да ги исполни се бираат одговарачките материјали и начини на глетување. Основни категории на квалитетот на површините се:

### К1 – ТЕХНИЧКИ НЕОПХОДЕН КВАЛИТЕТ НА ПОВРШИНАТА

Без оптички побарувања за мазност, често се користи како подлога под керамички плочки, малтери или други видови завршна облога.

### К2 – СТАНДАРДЕН КВАЛИТЕТ НА ПОВРШИНАТА

Вообичаен вид на обработка на површина, погодна за завршни премази или за лепење тапети. Најчесто овој квалитет на обработка на ѕидот е пресметан во цената на монтерите за сува градба кои изведуваат стандардни задачи во просторот.

### К3 – ПЕРФЕКТНА ПОВРШИНА

Мазно тенкослојно глетување на целата површина

### К4 – ВРВНО МАЗНА ПОВРШИНА

За простории со посебни естетски барања, за барања на специјално осветлување во просторот и за простори врз кои се нанесуваат посебни метализирани или други премази.

### ТОП ФИНИШ




Топ Финиш е универзална глет-маса на база на гипс која се препорачува за завршно (фино) глетување на бетонски или на малтерисани површини, како и на гипсени плочи (за внатрешна примена). Се препорачува освен за глетување на големи површини и за едноставно израмнување на пукнатини и шуплини.
- Дебелина на нанесување: 0-4 мм.

### РОТБАНД




**„СЕМОЌНИОТ“**

Рачниот врзивен малтер за внатрешна примена, Ротбанд, се употребува за внатрешни површини за сите градежни подлоги (готови бетонски елементи, сите видови бетонски површини, гипсени плочи, цигли, итн.) Со Ротбанд е доволно само еден слој нанесување преку целата површина, затоа што со овој производ се врши и малтерисување и глетување во ист чекор! Со ова површината е веќе подготвена за бојадисување .
- Дебелина на нанесување: 5-50 мм.

### БИО ФИНИШ




Глет-маса за внатрешна употреба, на база на вар
- Боја: беложолтеникава
- Потрошувачка: ca. 1,0 kg/m² по mm
- Се извлекува на нула
- Исклучително лесно се обработува
- Одлично исполнува
- Одлична издашност
- За сите видови минерални подлоги

### ЕКСТРА ФИНИШ




Глет маса за машинска и рачна употреба, за внатрешна употреба,
- На база на дисперзија
- Боја: снежно бела
- Потрошувачка: ca. 1,5 kg/m²
- Цврстина: > 0,5 MPa
- Изразена бела боја
- Зголемана цврстина, идеална за машинско брусење
- Не настануваат пукнатини на подебели нанесувања
- Наменета за сите минерални подлоги.

Напомена:
Површините кои силно впиваат треба да се премачкаат со Кнауф Тифенгрунд (Tiefengrund), а слабовпивливите бетонски површини треба да се премачкаат со Кнауф Бетоконтакт (Betokontakt).

## КНАУФ НОВИ ПАСТОЗНИ ПРЕМИУМ ГЛЕТ-МАСИ

### СУПЕР ФИНИШ




- Глет-маса за целосно глетување на површините
- Можност да се нанесува машински и со четка
- Не е потребно грундирање
- Долго отворено време
- Многу лесно се шмиргла
- Можност да се нијансира во кофа
- Мала апсорпција на боја, доволно 1 рака
- Без промена на својствата при замрзнување
- Достапно во амбалажа од: 20 kg, 6 kg кофи




### ФИНИТУРА




- Глет-маса за целосно глетување на површините
- Мермерен изглед – ултра мазно
- Не е неопходно шмирглање
- Помала апсорпција на боја, не е неопходна подлога
- Достапно во амбалажа од: 25 kg, 6 kg кофи

Разговор со г-ѓа Мира Георгиевска д.и.а., сопственик на Луна Корпорација



# ОБЈЕКТИТЕ СЕ НАШ НАЈГОЛЕМ МАРКЕТИНГ

*Fr. Mira Georgievska, Eigentümer des Design- und Bauunternehmens Luna Korporacija, teilt uns ihre Vision vom Bau von Objekten, die mit Materialien von hoher Qualität gebaut sind und die etwas gestalten was ein Kennzeichen in der Stadtlandschaft hinterlassen wird.*

*Ms. Mira Georgievska, owner of the design and construction company Luna Korporacija shares her vision of building objects that are built with high quality materials and creating something that leaves behind a mark in the city landscapes.*

Во Македонија изгледа малкумина бизнисмени од градежништвото го прифатија фактот дека секој објект треба да остава уникатен печат на градските улици и да доминира со својот архитектонски израз. Луна Корпорација е една од ретките градежни компании која придонесува  кон создавањето високи стандарди и квалитетно живеење во овие модерни времиња и во Македонија.

Госпоѓа Георгиевска нè пречека во својата канцеларија во центарот на Скопје, која, како и впрочем целата фирма, оддаваше чувство на рафиниран вкус и истенчен став кон естетиката и функцијата на нештата. Според ова, не нè ни изненади нејзиниот храбар пристап кон градењето на објектите - да се одберат квалитетни градежни материјали и галантерија, па дури и ако тие не се доволно етаблирани на македонскиот пазар. Во градежништвото е веќе 40 години. Нејзините чести патувања се речиси секогаш со мешан карактер – бизнис и задоволство. Сака да ги следи трендовите во светот на архитектурата и новите градежни системи, меѓу нив и најновите системи за сува градба кои се на располагање и во Македонија, се разбира, проследени со соодветни сертификати и гаранција за квалитет. Естетскиот израз и дизајнот, функционалноста, локацијата, системите за безбедност во зградите, одбраното осветлување, и други финеси се нивниот потпис на објектите што ги оставаат зад себе.

**Дали забележувате одредени промени во барањата на просечниот клиент?**

Клиентот секогаш се води од своите потреби, кои се основа за неговите барања кон инвеститорите. Знаејќи дека тие потреби се менлива категорија, се менуваат и барањата. Доколку пред повеќе години можевме да кажеме дека клиентите бараа квадратен метар повеќе, во последно време побројни се купувачи со истенчен вкус, кои не можат да бидат задоволени со просечна понуда – како во поглед на местоположбата на објектот, така и на естетиката и квалитетот.

**Колку тој еволуирал?**

Нашиот типичен клиент е избирлив, и тоа е причина повеќе за нас секогаш да бидеме подготвени да ги исполниме сите негови барања. Тој постојано бара нешто повеќе, нешто пософистицирано, и нешто што е на нивото на она што се нуди во Западна Европа и во САД. Оттаму, ние мораме да бидеме во чекор со најновите достигнувања и стандарди во архитектурата и градежништвото, и истите да ги имплементираме во нашите објекти.

**Колку македонското градежништво ги исполнува барањата на тој клиент?**

Барањата на нашите купувачи се она што создава дополнителна мотивација кај нас за постојана надградба во сите аспекти – изборот на локациите, проектирањето, изведбата, како и грижата за нашите клиенти и по купопродажбата. Најдобрата препорака за нас се токму сопствениците на нашиот станбен и деловен простор и нивното задоволство од нас како компанија.

**Што е најважно денес на пазарот? Цена/квалитет?**

Анализирајќи го пазарот на подолг период може да се забележат одредени флуктуации и на цената и на квалитетот. Нашата одговорност како компанија е да го одржиме докажаниот квалитет, и притоа ценовно да се доближиме што е можно повеќе до можностите на купувачите. Изборот што ние го правиме е квалитет пред квантитетот, затоа што сме сигурни дека клиентите знаат да ги препознаат нашите стандарди.

**Дали и почетната идеја Ви е да имате најпрепознатливи станбени објекти во Скопје (уникатен дизајн во сивилото од унифицирани објекти)?**

Нашата препознатливост не е стекната преку ноќ туку со долготраен труд кој резултира со вистинска комбинација на уникатен дизајн со одбрани локации и најсовремен начин на изградба на објектите. Целта на нашите напори не е краткорочна туку таа се заснова на идејата да се создадат трајни вредности – не само за нашите клиенти туку и за нашиот град и за државата. Со секој завршен објект ги поставуваме минималните стандарди за наредниот, и тоа е циклус што ќе инспирира постојана надградба. За наредниот период веќе се испланирани и нашите нови објекти што несомнено ќе го зацврстат впечатокот за нашиот влог за поубаво Скопје.

*Роберт Смилески*
*Блажен Зотовски*












# Заедно посилни

## НОВИ АКТИВНОСТИ НА ГРУПАЦИЈАТА ЗА СУВА ГРАДБА

На 23.5.2014 г., се одржа првата голема средба на монтерски екипи, во рамките на забрзаните активности на новата Групација за сува градба. Се работи за новосоздадена групација, во рамките на Стопанската комора на Македонија, каде што веќе успешно се регулираат односите на пазарот, квалитетот на работната рака, како и нормите за утрошок на време и материјал во сувомонтажните системи. Како и во земјите со поразвиено градежништво, Македонија доби групација која се грижи за обученоста на членовите, за нивно лиценцирање, за добра комуникација не само во Групацијата туку и со надворешните субјекти и институции, правно регулирање на сувата градба, и сето ова во функција на полесно планирање и градба и задоволство кај крајниот корисник на системите.

Компанијата Кнауф несебично ги поддржува активностите на Групацијата, одвојувајќи голем дел од знаењето и интернационалното искуство. Секако, Групацијата е отворена за сите правни субјекти на кои би им помогнало вакво сериозно групирање и регулација.

*Neue Aktivitäten in der Trockenbaugruppation von Mazedonien.*
*New activities in the Drywall Association of Macedonia.*



# Кнауф на Саемот за градежништво Build and Construct во Скопје




Кнауф во својата јубилејна година беше повторно присутен на овогодишниот саем за градежништво, кој секоја година традиционално се одржува во март, на Скопскиот саем. Преку 300 компании, производители на градежни материјали и инвеститори се претставија на Саемот, а Кнауф со своето присуство беше во епицентарот. И по локацијата и по вниманието што го привлече со дизајнот на штандот, со јубилејот – 20 години постоење во Македонија, како и со новите производи, глет-масите од Sheetrock серијата: Кнауф Super Finish и Finitura, потоа Кнауф-брендот Vermiplaster, противпожарниот малтер на база на вермикулит, решенијата за противпожарност – Кнауф Fireboard итн.







BIMAS 2014

# „Паралелни светови"



Асоцијацијата на архитекти на Македонија во мај го одржа 17. Биенале на македонската архитектура во Скопје. Темата на биеналето е „Паралелни светови". Традиционално, Кнауф е поддржувач на овој голем собир на архитекти од Македонија и странство, на кој годинава се претставија околу 100 селектирани трудови од обласста на архитектурата.





## КОНТАКТ-ИНФОРМАЦИИ


**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул. 8 Септември бб, 1250 Дебар
Тел: 046 839 200; Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул. Александар Македонски бб, 1000 Скопје
Тел: 02 3235 750; Факс: 02 3235 760

info@knauf.com.mk

www.knauf.com.mk


### ТАВАНСКИ СИСТЕМИ
- Тавански системи од гипсени плочи
- Акустични тавани и тавани со специјален дизајн
- Облоги на поткровје

### ЅИДНИ СИСТЕМИ
- Преградни ѕидови на метална потконструкција
- Ѕидни облоги и инсталациски канали
- Санитарни градежни системи и ревизиони отвори
- Системи за лизгачки врати

### ПОДНИ СИСТЕМИ
- Самонивелирачки подови
- Повишени подови
- Маси за порамнување

### СИСТЕМИ ЗА ФАСАДИ И ИЗОЛАЦИСКИ СИСТЕМИ
- Контактна фасада

### СИСТЕМИ ЗА МАЛТЕРИСУВАЊЕ
- Гипсени глет-малтери

### БАУМАРКТ ПРОГРАМА – НАПРАВИ САМ (ГРАДЕЖНА ХЕМИЈА)
- Лепила за плочки и фуги
- Глет-маси, лепила, дихт-ленти, израмнувачи, алати
- Средства за чистење и нега


IQNet
THE INTERNATIONAL CERTIFICATION NETWORK
CERTIFICATE
"KNAUF Radika" AD
"8 Septemvri" bb, 1250 Debar, Macedonia
ENVIRONMENTAL MANAGEMENT SYSTEM
ISO 14001:2004
Signatures removed for security reasons


IQNet
THE INTERNATIONAL CERTIFICATION NETWORK
CERTIFICATE
"KNAUF Radika" AD
"8 Septemvri" bb, 1250 Debar, Macedonia
OCCUPATIONAL HEALTH AND SAFETY MANAGEMENT SYSTEM
BS OHSAS 18001:2007
Signatures removed for security reasons

**- Сертификат за имплементиран ISO 14001:2004...**
за управување со животната средина (кој има за цел намалување на влијанието врз природата и животната средина)

**- Сертификат за имплементиран BS OH-SAS 18001:2007**
за управување со здравје и безбедност при работа (кој има за цел спречување или намалување на повредите на работното место и подобрување на работните услови)

## КНАУФ КОНСАЛТИНГ

### СОВЕТУВАМЕ ЗА:
- Системи за сува градба
- Монтажни куќи
- Системи за малтерисување
- Фасадни системи
- Подни системи
- Системи за поплочување
- Баумаркт програма - Направи сам (Градежна хемија)

### ШКОЛУВАЊА ЗА:
- Проектанти
- Изведувачи
- Градежни фирми
- Трговци

youtube.com/KnaufMacedonia
facebook.com/KnaufMacedonia
twitter.com/KnaufMacedonia